

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ССОУ „КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ“ ВО УЧЕБНАТА 2020 – 2021 ГОДИНА

## СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| I | ВОВЕДЕН ДЕЛ | 3 |
| II | ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО | 3 |
| III | МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО | 14 |
| IV | ПОДРАЧЈА НА ПРИОРИТЕТИ И ПРОМЕНИ | 14 |
| V | АКЦИСКИ ПЛАНОВИ | 15 |
| VI | ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИСКИ ПЛАНОВИ | 17 |
| VII | КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА | 18 |
| VIII | НАСТАВА | 20 |
| IX | ВКЛУЧУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО УЧИЛИШТЕТО | 27 |
| X | КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТ И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО | 28 |
| XI | УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА | 30 |
| XII | ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ | 32 |
| XIII | УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО | 33 |

# I ВОВЕДЕН ДЕЛ

Годишната програма на училиштето претставува основен документ врз кој се темели целокупната работа на училиштето во текот на една учебна година.

Преку реализацијата на Годишната програма се согледуваат квалитетите на работата но и потребата од поставување нови, повисоки цели за наредната учебна година. Основна задача на нашето училиште е воспитно – образовните потреби да се приспособат со потребите на пазарот на трудот и средината со цел да се постигне високо квалитетно учење и конкурентност на пазарот на трудот. Преку поставените задачи во Годишната програма на училиштето доаѓа до остварување на воспитно-образовниот процес во целост, како во програмскиот така и во организацискиот дел.

Годишната програма за работа на училиштето е заснована врз основа на:

- Законот за средно образование
- Статутот на училиштето
- Годишниот извештај за работа на училиштето за претходната учебна година
- Условите за работа во училиштето и условите во локалната средина
- Приоритетните подрачја во работата на училиштето
- Развојниот план на училиштето
- Извештајот од самоевалуацијата на училиштето

# II ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО:

***- Општи податоци за училиштето***

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | Средно стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ |
| **Адреса на училиштето, општина** | Ул. Андон Шурков бр. 4а,1400 Велес |
| **Телефон** | ++389 (0) 43 231 446 |
| **Факс** | ++389 (0) 43 235 086 |
| **E-mail** | kolenedelkovski@yahoo.com |
| **WEB** | www.kolenedelkovski.edu.mk |
| **Основано од** | Општина Велес,1965 |
| **Година на изградба** | 1963/1982 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Училиштето работи во смени, број на смени** | Две смени |
| **Број на паралелки** | 31 |



***-Просторни услови за работа на училиштето***

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | Една |
| **Површина на објектот**<br>**Површина на училишен двор** | 6 800 $m^2$<br>5182 $m^2$ |
| **Број на катови** | Подрум+приземје+2 ката |
| **Број на училници** | - 35 кабинети според стандарди пропишани од соодветните струки;<br>- 1 специјализирана машинска работилница со помошни простории;<br>- 11кабинети од машинската, електротехничката, сообраќајна и угостителска струка за практична настава;<br>- Маркарт - Тренинг центар |
| **Број на помошни простории** | 8 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање** | Сопствен топловоден систем |
| **Тип на градба** | Тврда градба |

***-Материјално технички услови***

За поквалитетно реализирање на наставата училиштето има обезбедено соодветни материјално технички услови. Кабинетите се опремени со опрема соодветна за секоја струка. Училиштето располага со компјутерска опрема, ЛЦД проектори, лап топ, принтери и скенери.

***Кабинети за електро-технички наставни предмети и опрема за изведување на наставата***

Во електротехничката струка опфатени се следните функционални простории со специфична опрема:

- Три кабинета за испитување на електрични машини опремени со пултови (пултовите се опремени со статични амперметри, волтметри,  фрекфенциометри и електрични броила). Напојувањето е со еднонасочен, еднофазен и трифазен напон и со сите пропратни инструменти за соодветните профили.
- Кабинети со комплетна информатичка опрема.
- Авто-електричарска работилница.
- Кабинет за електроника, со програмибилни единици за контрола и водење на работни процеси во индустрија.
- Кабинети за настава од информатика и техничко цртање.

***Кабинети за машински наставни предмети и опрема за изведување на наставата***

Во машинската струка опфатени се следните функционални простории со специфична опрема:

Машинска работилница составена од:

- Стругарско одделение
- Машино-браварско одделение
- Заварувачко одделение
- Ковачко одделение
- Училница за теоретска настава

Автомеханичарска работилница,
Кабинет за НУМА со одделение за роботика,
Кабинети со комплетна информатичка опрема во мрежна врска со интернет конекција,
Магацин со алатница и машински кабинети.

Овие функционални простории ја има следната опрема и машини: стругови, глодалки, дупчалки, рендосалки, брусилки, заварувачкиапарати, механички преси, машински прибор и алат, автомеханичарски алат и прибор, роботи, дидактички NC-дидактички струг (неисправен), CNC дидактичкамашина, графоскопи, табли за цртање, компјутери и други видови опрема и машини, маси, ормани, полици, табла за пишување, флипчарт, метална количка, брусилка, рачен циркулар, бормашина, мерна опрема (дигитален и обичен шублер, микрометар), менгеме, гранитна плоча, заштитни очила и антифони, модел на мотор со внатрешно согорување, клима уред, соларен колектор.

***Кабинет за угостителски стручни предмет и опрема за изведување на наставата***

*Училиштето располага со еден кабинет за изведување на практична настава од угостителско туристичка струка.* Кабинетот е опремен со работни маси и витрини, бојлер, печка, електричен шпорет, ладилник, умивалник, компјутерска опрема, ЛЦД телевизор и ситен инвентар.

***Кабинети за природно-математички и општествени наставни предмети опрема за изведување на наставата***

Опременоста на кабинетите во кои се изучуваат природно-математички и општествено-јазични предмети од година во година се подобрува. Секој од нив е опремен со опрема специфична за предметот кој се изучува. Некои од кабинетите се опремени со ЛЦД и платно.

Наставата по одредени предмети во рамките на кои се употребуваат компјутерски програми се изведува во кабинетот по информатика со одлични просторни и технички услови. Во кабинетот компјутерите се поврзани во мрежа на рамноправни корисници, при што едниот од нив овозможува пристап на интернет којшто е достапен за учениците и професорите од училиштето.

Сите четири активи располагаат со посебна опремена просторија со мебел и компјутер и скенер.

***Библиотека***

Училиштето поседува и сопствена библиотека, опремена со книги од областа на македонскиот јазик и култура, со стручна литература, речници. Истата работи на современ начин, а во нејзината работа е вклучен библиотекар кој се грижи за евиденција и збогатување на фондот на книги. Со донации училиштето обезбедува солиден број на стручни списанија од областа на енергетиката, електротехниката и машинството. Голема поддршка на училишната библиотека е реализирана од страна на Министерството за

образование и наука со донација на книги од истакнати Нобеловци и еминентни автори од светската литература која и оваа година ја збогати библиотеката со нови книги. Во склопот на библиотеката во функција е еден фотокопир за потребите на училиштето.

***Спортска сала***

Во училиштето има спортска сала во која се реализира наставата по предметот спорт и спортски активности. Истата е опремена со опрема и спортски реквизити. Во склопот на спортската сала функционира и комплетно опремена пинг-понг сала.

Оваа опременост допринесува не само за развојот на редовната настава, туку и подобри предуслови за воннаставна воспитно-образовна дејност т.е. работата со надарените и талентираните ученици преку слободните ученички активности.

Училиштето располага со уреден двор, опремен со клупи и систем за наводнување, во кој секогаш учениците можат да поминат некој одмор во пријатен амбиент.

***-План на простории***





ПИНГ ПОНГ
0-28
Спортска сала
0-20
0-21
Машинска работилница
0-19
0-22
Мултифункционална
0-23
WC
0-25
Сала за презентација
0-24
0-26
0-27
0-16
0-17
0-18
0-01
0-07
0-06
0-05
0-04
0-03
0-02
0-15
0-14
0-13
0-12
Учебници
Библиотека




WC
2-13
2-01
2-07
2-06
2-05
2-04
2-03
2-02
2-11
2-10
2-09
2-08

***- Организациска структура на училиштето***



**- Членови на училишен одбор**

| Р.б. | Име и презиме | Претставник од |
|---|---|---|
| 1. | Марјан Панов | Училиште-Претседател |
| 2. | Леонид Таневски | Училиште-Член |
| 3. | Силвана Петрова | Училиште-Член |
| 4. | Мимоза Пановска Тодорова | Училиште-Член |
| 5. | Љубинка Р'товска | Преставник од МОН |
| 6. | Ристе Давчевски | Претставник од Совет на родители |
| 7. | Љубица  Јаневска | Претставник од Совет на родители |
| 8. | Роберто Шаќиров | Претставник од Совет на родители |
| 9. | Тања Оцедова | Претставник од Совет на Општина |
| 10. | Ружица Николовска | Претставник од Општина |
| 11. | Маргарита Ефремова | Претставник од Општина |

**- Членови на Совет на родители**

| Р. б. | Име и презиме | Претставник од паралелка |
|---|---|---|
| 1. | | Паралелка 1-1* |
| 2. | | Паралелка 1-2* |
| 3. | | Паралелка 1-3* |
| 4. | | Паралелка 1-4* |
| 5. | | Паралелка 1-5* |
| 6. | | Паралелка 1-6* |
| 7. | | Паралелка 1-7* |
| 8. | | Паралелка 1-8* |
| 9. | Вилма Андовска | Паралелка 2-1 |
| 10. | Зоран Теов | Паралелка 2-2 |
| 11. | Валентина Мечкарова | Паралелка 2-3 |
| 12. | Жаклина Дамјановска | Паралелка 2-4 |
| 13. | Ивона Јаневска | Паралелка 2-5 |
| 14. | Лазе Андреев | Паралелка 2-6 |
| 15. | Елизабета Перчинкова | Паралелка 2-7 |
| 16. | | Паралелка 2-8* |
| 17. | Јованче Петрушевски | Паралелка 3-1 |
| 18. | Суза Фаркаш | Паралелка 3-2 |
| 19. | Лидија Јорданова | Паралелка 3-3 |
| 20. | Кристијан Каџибанов | Паралелка 3-4 |
| 21. | Даниела Трпковска | Паралелка 3-5 |
| 22. | Сеад Балтиќ | Паралелка 3-6 |
| 23. | Тања Аксентиева | Паралелка 3-7 |
| 24. | Кирил Унев | Паралелка 3-8 |
| 25. | Ирена Дурчевска | Паралелка 4-1 |
| 26. | Роберто Шаќиров | Паралелка 4-2 |
| 27. | Ристе Давчевски | Паралелка 4-3 |
| 28. | Емилија Митевска | Паралелка 4-4 |
| 29. | Љубица Јаневска | Паралелка 4-5 |
| 30. | Лазе Стерјов | Паралелка 4-6 |
| 31 | Анета Јанкулоска | Паралелка 4-7 |

** Членовите на Совет на родители ке бидат одредени по одржување на родителските средби*

***- Стручни активи***

Стручните активи се работни тела составени од наставници од исти или сродни наставни предмети. Стручните активи ќе работат според утврдени програми за работа на почетокот на учебната година.

| **Назив на актив** | **Одговорен наставник** |
| --- | --- |
| Општествено јазичен и уметнички актив | Горан Богоевски |
| Природно математички актив | Магдалена Иванова |
| Машински актив | Сашо Ѓоргов |
| Електротехнички актив | Гордана Мулева |

***- Членови на ученичка заедница***

Во ученичката заедница на училиштето се вклучени 31 ученик односно по еден претставник од секоја паралелка

***- Наставен и ненаставен кадар***

| Наставен и ненаставен кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| | | Македонци | | Бошњаци | | Албанци | | Роми | | Турци | | Друго | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 73 | 43 | 30 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на наставен кадар | 58 | 35 | 23 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на стручни соработници | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Административни соработници | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Техничка служба | 11 | 7 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Директор | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

***- Степен образование на вработени***

| ***Образование*** | ***Број на вработени*** |
| --- | --- |
| ***Високо образование*** | ***56*** |
| ***Виша стручна спрема*** | ***6*** |
| ***Средно образование*** | ***11*** |

***- Староснa структура на вработени***

| *Години* | *Број на вработени* |
|---|---|
| *20-30* | *5* |
| *31-40* | *11* |
| *41-50* | *32* |
| *51 до пензија* | *25* |

***- Ученици***

Број на паралелки и ученици во машинската струка:

| Година на образование | Број на паралелки | Вкупно ученици |
|---|---|---|
| **I** | 3 | 55 |
| **II** | 3 | 54 |
| **III** | 3 | 63 |
| **IV** | 2 | 53 |
| **Вкупно** | 11 | 225 |

Број на паралелки и ученици во сообраќајната струка:

| Година на образование | Број на паралелки | Вкупно ученици |
|---|---|---|
| **I** | 1 | 34 |
| **II** | 1 | 28 |
| **III** | 1 | 34 |
| **IV** | 1 | 32 |
| **Вкупно** | 4 | 128 |

Број на паралелки и ученици во електротехничката струка:

| Година на образование | Број на паралелки | Вкупно ученици |
|---|---|---|
| **I** | 3 | 101 |
| **II** | 3 | 81 |
| **III** | 3 | 92 |
| **IV** | 3 | 78 |
| **Вкупно** | 12 | 352 |

Број на паралелки и ученици во угостителско-туристичка струка:

| Година на образование | Број на паралелки | Вкупно ученици |
|---|---|---|
| **I** | 1 | 29 |
| **II** | 1 | 34 |
| **III** | 1 | 34 |
| **IV** | 1 | 25 |
| **Вкупно** | 4 | 122 |

## БРОЈ НА ПАРАЛЕЛКИ

Број на паралеки и ученици во училиштето:

| Година на образование | Број на паралелки | Вкупно ученици |
|---|---|---|
| **I** | 8 | 219 |
| **II** | 8 | 197 |
| **III** | 8 | 223 |
| **IV** | 7 | 188 |
| **Вкупно** | 31 | 827 |

***- Паралелки***

| Паралелка | Образовен профил | Класен раководител |
|---|---|---|
| I-1 | Машински техничар/Техничар за производно машинство | Марина Костадиновска Филипова |
| I-2 | Техничар за компјутерско управување/Машински техничар за моторни возила | Ванчо Костадинов |
| I-3 | Автомеханичар/Заварувач | Илија Танев |
| I-4 | Готвач/Келнер | Јордан Палашев |
| I-5 | Техничар за транспорт и шпедиција | Катерина Стојадиновиќ |
| I-6 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Марјанчо Малинов |
| I-7 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Анита Мечкаровска |
| I-8 | Електротехничар -енергетичар/Електротехничар за електроника и телекомуникации | Силвана Петрова |
| II-1 | Машински техничар/Техничар за производно машинство | Сашо Ѓоргов |
| II-2 | Техничар за компјутерско управување/Машински техничар за моторни возила | Валентин Елисковски |
| II-3 | Автомеханичар/заварувач | Кристина Трајкова |
| II-4 | Готвач/Келнер | Златко Здравковски |
| II-5 | Техничар за транспорт и шпедиција | Марјан Панов |
| II-6 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Никола Дечев |
| II-7 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Томислав Иванов |
| II-8 | Електротехничар енергетичар/Електротехничар за електроника и телекомуникации | Снежана Софијанова |
| III-1 | Машински техничар/Техничар за компјутерско управување | Горан Бузалковски |
| III-2 | Автотехничар мехатроничар/Машинско-енергетски техничар | Ангелче Гушев |
| III-3 | Автомеханичар/заварувач | Марија Голубовиќ |
| III-4 | Готвач/келнер | Горан Богоевски |
| III-5 | Техничар за транспорт и шпедиција | Верица Анѓушева |
| III-6 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Ивана Јанушева |
| III-7 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Магдалена Иванова |
| III-8 | Електротехничар-енергетичар/Електротехничар за електроника и телекомуникации | Мимоза Пановска Тодорова |

| | | |
|---|---|---|
| IV-1 | Машински техничар/Техничар за компјутерско управување | Зоран Пасламушков |
| IV-2 | Автотехничар мехатроничар/Машинско-енергетски техничар | Весна Стојанова Богоевска |
| IV-3 | Техничар за транспорт и шпедиција | Митхат Мемиќ |
| IV-4 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Боро Ристовски |
| IV-5 | Електротехничар-енергетичар/Електротехничар за електроника и телекомуникации | Биљана Ивева |
| IV-6 | Електротехничар-енергетичар/Електротехничар за електроника и телекомуникации | Даниел Здравевски |
| IV-7 | Хотелско-туристички техничар | Марјан Малинов |

**Електротехничка струка:**

| | |
|---|---|
| **Електротехничар за електроника и телекомуникации** | четиригодишно образование |
| **Електротехничар за компјутерска техника и автоматика** | четиригодишно образование |
| **Електротехничар - енергетичар** | четиригодишно образование |

**Машинска струка:**

| | |
|---|---|
| **Машински техничар** | четиригодишно образование |
| **Машинско енергетски техничар** | четиригодишно образование |
| **Техничар за компјутерско управување** | четиригодишно образование |
| **Техничар за производно машинство** | четиригодишно образование |
| **Машински техничар за моторни возила** | четиригодишно образование |
| **Автомеханичар** | тригодишно образование |
| **Заварувач** | тригодишно образование |

**Сообраќајна струка:**

| | |
|---|---|
| **Техничар за транспорт и шпедиција** | четиригодишно образование |

**Угостителско - туристичка струка:**

| | |
|---|---|
| **Келнер** | тригодишно образование |
| **Готвач** | тригодишно образование |
| **Хотелско-туристички техничар** | четиригодишно образовние |

## - Наставен јазик

| | **Македонски** | **Албански** | **Турски** | **Српски** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 31 | / | / | / |
| **Број на ученици** | 827 | / | / | / |
| **Број на наставници** | 58 | / | / | / |

## III МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

***- МИСИЈА***

Постоиме затоа што секогаш сме подготвени да се движиме со тековните општествени промени, во чекор со времето и да образуваме кадри со образовни профили кои се во склоп со потребите на пазарот на трудот.

Нашето училиште е образовна и културна средина во која спојот помеѓу теоријата и праксата им овозможува на учениците пристап како до високообразовните институции за понатамошно дообразување, така и во институциите во кои ќе им биде овозможено вработување – социјални партнери, локална средина но и пошироко.

***- ВИЗИЈА***

Преку работата во училиштето, кај нашите партнери и во реалната компанија, учениците стекнуваат реални знаења, практична обука и обука за деловна работа, работа со клиенти и реализација на еден производ од основна идеја до финална реализација, вклучувајќи го и материјалниот сегмент од работењето.

## IV ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ И ПРИОРИТЕТИ

- Изготвување  планови за реализација на учење од далечина согласно актуелната состојба со КОВИД 19.
- Подобрување на условите во училниците и другите простории во училиштето, со што учениците ќе ги доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина и ќе се зголеми нивниот интерес за учење.
- Инвестирање во нагледни средства за целосна примена на  ИКТ во наставата со физичко присуство и учење од далечина
- Следење на состојбата на пазарот на трудот на општинско ниво и отварање на нови занимања кои се актуелни на пазарот на трудот во тој временски период.
- Ревидирање на статутот на училиштето.
- Преземање на конкретни мерки за зголемување на интересот на учениците за дуалното образование.
- Перманентна едукација на наставниот кадар преку акредитирани институции, посебно едукација за полесно и непречено изведување на наставата од далечина.

# V АКЦИСКИ ПЛАНОВИ

| Година 2020/2021 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Задача | Активности | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице | ✓ x |
| | | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | | | | | | |
| Изготвување на план за реализација на настава во вонредни услови | -Анализирање на состојбата во училиштето<br>-Анализирање на состојбата на компјутерската опрема со која располага училиштето<br>-Детектирање на ученици кои немаат компјутерска опрема<br>-Обезбедување на средства за одржување на хигиената во училиштето<br>-Изготвување на распоред на часови<br>-Следење на реализацијата на наставата и целокупната работа на училиштето | X<br>X<br>X<br>X<br>X | X | X | X | X | X | X | X | X | | | | Тим за изготвување на план за организација, реализација, следење на реализација на наставата и целокупната работа на училиштето<br>Класни раководители | Одржување на состаноци на тимот и разговор со наставници ученици и родители | Анкетни прашалници<br>Разговори со наставници, родители | Идентификување на проблеми и нивно разрешување<br>Обезбедена опрема за реализација на онлајн настава | Директор | |
| Создавање на стимулирачка и безбедна средина | Изготвување на нагледни средства од страна на наставниците и учениците<br>Редовно одржување на хигиена во училниците<br>Молерисување на кабинети | X | X<br>X | X<br>X | X | X | X | X | X | X | X | X<br>X | X<br>X | Наставници<br>Технички персонал | | | Подобрени услови за работа во училиштето | Директор | |
| Доопремување на училиштето со ИКТ опрема | Изготвување на листа за потребна опрема<br>Набавка на опрема | X | X | | | | | | | | | | | Претседатели на активи<br>Директор<br>Комисија за јавни набавки | Тендерска постапка | | Обезбедена ИКТ опрема | Директор | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Следење на законски измени во средно образование | Формирање на тим за следење на законски измени<br>Усогласување на актите на училиштето согласно законските измени | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | Тим за изготвување на акти на училиштето формиран од директорот | Преку пишани и електронски медиуми | Службени весници, компјутер | Усогласени акти на училиштето | Директор Претседател на УО | |
| Запознавање на пошироката јавност со концептот на дуално стручно образование | Промовирање на дуалното образование преку маркетинг активности во соработка со компаниите | | | | | X | X | X | | | | | | Тим за маркетинг | Посета на основни училишта, електронска комуникација, рекламен материјал | Презентации, рекламен материјал | Зголемен број на запишани ученици во дуалното образование и зголемена соработка со компаниите | Директор Координатор на тим за маркетинг | |
| Осовременување на наставата преку примена на интерактивни методи и современи техники на учење | Определување на наставници иреализација на обука | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | Одговорнин аставници на стручни активи, наставници | Специјализирани институци Разговори средби | Работилници | Споделување искуства и примери на добри практики | Одговорни наставници на стручните активи Стручнисоработници | |

## VI ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИСКИ ПЛАНОВИ

**Инструменти** најчесто планирани и користени инструменти за евалуација на акциските планови се анкетите, работилници, скалите на проценка, прашалниците, интервју, протоколи за набљудувања и опсервации и усните изјави и согледувања. Акциониот план се реализира, преку зацртани активности, работилници, предавања, обуки, семинари, извештаи, отворени денови, акции, изготвени програми, распореди и сл. Секоја планирана активност од Развојниот план, е испланирана со критериум за успешност, кој се мери преку соодветни инструменти.

**Индикатор за успешност** се предвидени преку приложување докази, преку кои потврдуваме дека посакуваните резултати се постигнати. Индикатор за нашата успешност се редовната и објективна примена на разновидни (вообичаено интерно креирани алатки) анкети, прашалници за согледување на ефектите, скенирање на состојбите, преку изработка на SWOT анализа и преку константно преиспитување на приложените индикатори за успешност кои се наменети за секоја зацртана активност.

**Одговорен за следење** Се состои од методи на следење на реализираните активности од планот на активности и евалуирање на постигнатите резултати со користењена индикатори за реализираните активности. Следењето на реализацијата на активностите ќе се одвива континуирано преку целата учебна година од страна на директорот, педагошко психолошката служба, претседателите на активи, училишен одбор, стручна служба, училишни тимови, наставници, ученици, совет на родители. Следењето и евалуацијата ќе се реализираат преку непосредни педагошки увиди, изготвување извештаи, анкетирање, анализи, информации, периодични писмени согледувања, полугодишен и годишен извештај и слично, нивно разгледување и донесување заклучоци и ставови по истите.

**Повратна информација** даваме преку информациите за постигнувањата, добиените искуства и извлечените поуки од нив, а со цел подобрување на успехот, мотивацијата, самостојноста во водење на учењето, вреднување на напредокот на учениците, наставниците и училиштето. Училиштето и вработените добиваат континуирано повратни информации за ефективноста и ефикасноста од реализираните активности, преку писмените извештаи подготвени од носителите на активностите.

## VII КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА

***Измени во Календар за организација на учебната 2020/21/ година***

Врз основа на Член 23 став 3 од Законот за средно образование, Министерството за образование и наука донесе Календар за изменување (Службен весник бр.209/20), на Календар за организација на учебната 2020/2021 година во јавните средни училишта (Службен весник на РСМ, бр.193/20).

Учебната година во јавните средни училишта започнува на 1 октомври 2020 година, а завршува на 31 август 2021 година. Во текот на наставната година во јавните средни училишта во завршната година на образованието се остваруваат најмалку 145 наставни денови, а за сите останати години на образованието се остваруваат најмалку 159 наставни денови.

***- Календар со работни и неработни денови***

| **2020** | **I полугодие** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Работни денови* | септември | | | | | октомври | | | | | ноември | | | | | декември | | | | | ВК |
| понеделник | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | **16** |
| вторник | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | **16** |
| среда | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | **18** |
| четврток | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | **18** |
| петок | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | **16** |
| Вкупно денови | **21** | | | | | **20** | | | | | **21** | | | | | **22** | | | | | **84** |

| **2021** | **II полугодие** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Работни денови* | јануари | | февруари | | | | март | | | | | април | | | | | мај | | | | | јуни | | ВК |
| понеделник | / | 25 | 1 | 8 | 15 | 22 | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | **18** |
| вторник | / | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | **20** |
| среда | / | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | **20** |
| четврток | / | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | **19** |
| петок | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | | **19** |
| Вкупно денови | **6** | | **20** | | | | **23** | | | | | **21** | | | | | **18** | | | | | **8** | | **96** |

**За сите граѓани на РМ**
8 Септември ( вторник) , Ден на независноста на РМ
11 Октомври (недела ) , Ден на народното востание,неработен ден понеделник
23 Октомври ( петок), Ден на Македонската револуционерна борба
8 Декември (вторник) , „Св. Климент Охридски"
30 Април (петок) , Велики петок
3 Мај (понеделник), Втор ден Велигден
13 Мај(четврток), Рамазан Бајрам
24 Мај (понеделник),„Св. Кирил и Методиј"-Ден на сесловенските просветители

| | |
|---|---|
| **понеделници** | **34** |
| **вторници** | **36** |
| **среди** | **38** |
| **четвртоци** | **37** |
| **петоци** | **35** |
| **ВКУПНО** | **180** |

***- еколошки календар***

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16 септември | Светски ден на заштита на озонската обвивка | 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 8 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништување на природата | 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната | 5 март | Светски ден на заштеда на енергија |
| 22 март | Светски ден на заштеда на водите | 7 април | Светски ден на здравјето |
| 31 мај | Светски ден против пушењето | 15 јуни | Светски ден на заштита на животната средина |
| Еко акции - се реализираат два пати во текот на една учебна година | | | |

## VIII НАСТАВА

### Вид на настава

Воспитно – образовната дејност во училиштето опфаќа настава што се организира и изведува според наставните планови и програми и вонннаставните активности. Во учебната 2020/21 година со учениците од прва, втора година (четиригодишно траење) и трета година (тригодишно траење) наставата ќе се реализира според модуларни наставни планови и програми. Со учениците од трета и четврта година (четиригодишно траење) наставата ќе се реализира по наставни планови и програми одобрени пред 2018 година. Според Наставниот план наставата во средно стручно образование ги опфаќа слендиве видови на настава:

- ✓ настава по задолжителни предмети/модули
- ✓ настава по изборни предмети/модули
- ✓ практична настава и вежби
- ✓ учење преку работа кај работодавач
- ✓ феријална практика
- ✓ содржини програмирани од училиштето
- ✓ факултативна настава
- ✓ дополнителна настава,
- ✓ додатна настава
- ✓ продолжителна настава

### Организација на задолжителна настава

Наставата ќе се реализира по наставни планови и програми одобрени од МОН а по препорака на ЦСОО И БРО. За реализација на наставата ќе се изготви распоред на часови. Времетраењето на часовите ќе биде во зависност од начинот на организирање на наставата, со физичко присуство на учениците, комбинирано или онлајн настава со примена на средстава и алатки за електронска комуникација. Во зависност од моделот според кој ќе се изведува наставата училиштето ќе изготви план на активности по кој ќе постапува.

***- Изборна настава/модули***

Изборната настава има за цел да го обезбеди влијанието на учениците во дизајнирањето на курикулумот со тоа што самите ќе се определат за содржините што ги задоволуваат нивните посебни интереси за стекнување, проширување и продлабочување на знаењата, како и развивање на способности и вештини. Тие посебни интереси треба да им овозможат на учениците да бидат посоодветно подготвени за полагање на државна матура, завршен испит или поуспешно да се вклучат на пазарот на трудот.
Врз основа на наставните планови се изготвува листата на изборни предмети од која учениците, според своите потреби, ги избираат двата предмета со кои се обврзани во реформираното образование за да го следат овој дел од наставата. Училиштето, согласно изјаснувањата на учениците, ги организира групите за реализација на изборните програми, запазувајќи го образовниот минимум при формирање на групите според стандардите за образование и според насоките на Центарот за стручно образование и обука.

Во учебната 2020/21година ќе се изучуваат следните изборни предмети:

| Паралелка | Образовен профил | Изборен предмет |
|---|---|---|
| 3-1 | Машински техничар | Компјутерско управување<br>Технологија на обработка<br>Автоматско управување и програмирање |
| | Техничар за компјутерско управување | Програмирање на компјутерски управувани машини |
| 3-2 | Машинско енергетски техничар | Хидропневматска техника<br>Практична настава |
| | Автотехничар мехатроничар | Технологија на моторни возила<br>Електроника |
| 3-5 | Техничарза транспорт и шпедиција | Шпедиција и шпедициско работење<br>Технологија на железнички транспорт |
| 3-6 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Програмирање<br>Математика<br>Програмирање<br>Практична настава |
| 3-7 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Програмирање<br>Дигитални системи<br>Практична настава<br>Математика |
| 3-8 | Електротехничар за електроника и телекомуникации | Дигитална електроника и микропроцесори<br>Телекомуникациски склопови и уреди |
| | Електротехничар енергетичар | Електрични апарати и уреди<br>Практична настава |

***- Практична настава и вежби***

Практичната настава се организира за учениците од прва до четврта година за сите образовни профили. Учениците дел од практичната настава ќе имаат можност да реализираат во специјализирани кабинети за практична настава во училиштето, а дел во стопанските субјекти  со кои училиштето ќе потпише договор за соработка. За реализација на овој дел од наставата со учење од далечина како форми на работа може да се користат: видео часови со демонстрација или упатства преку кои се објаснува чекор по чекор изведбата на одредена практична вештина, симулирани демонстрации, презентации, работа на проекти, истражување, решавање проблеми и сл.

***-Учење преку работа кај работодавач***

Учењето преку работа е процес на учење што се случува кога учениците вршат реална работа во реална работна средина. Делот од програмите за практична обука, се реализира кај работодавач. Наставата во училиштето по стручно-теоретските предмети претставува подготовка за реализација на Учењето преку работа кај работодавач. Учењето преку работа претставува практична обука на работно место во компанија, занаетчиска работилница и други објекти, која им нуди на учениците стекнување работно искуство во реални услови. Тоа им овозможува знаењето и вештините што се стекнати во училиште да ги поврзат со светот на трудот и идните кариерни можности.

Комбинацијата од работа на работно место и стекнувањето на општи и стручно теоретските знаења во училиштата се задолжителен дел од стручното образование за стекнување образовни квалификации. Учењето преку работа им помага на учениците полесно и побрзо да се вклучат во работниот процес и да ги преземаат одговорностите кои произлегуваат од него.

- ***Феријална пракса/феријална практика***

Феријалната пракса/практика ќе се реализира според Упатство и програми за реализација на истата. Феријалната пракса/практика учениците ќе ја реализираат по завршување на наставната година односно за време на летниот распуст. Во исклучителни околности (болест, несреќа) може да се реализира во текот на наредната наставна година, до крајот на првото полугодие. Директорот и координаторот изготвуваат листа работодавачи. Училиштето склучува договори за соработка со работодавачи. Учениците кои живеат во друга општина феријалната практика можат да ја реализираат во својата општина. Бројот на работни денови за феријална практика е утврден во наставниот план за секој образовен профил и наставна година. Ученикот во еден работен ден треба да реализира од 6-8 работни часа.

***-Содржини програмирани од училиштето***

Неговата функција е да ги задоволи пошироките потреби на учениците коишто можат да изберат да изучуваат и други содржини надвор од содржините планирани во задолжителните и изборните програми. Тие, исто така, можат преку овие содржини да се вклучат во активности кои ги организира локалната заедница или да соработуваат со соодветните социјални партнери со цел дополнително да ги развиваат клучните и стручните компетенции за подобро да се вклучат на пазарот натрудот и подобро да ја планираат сопствената кариера. Целите на програмите од подрачјето содржини програмирани од училиштето се да им се излезе во пресрет на учениците од техничкото образование за:

- стекнување, проширување и продлабочување на своите знаења, вештини и компетенции во струката/секторот;
- задоволување на индивидуални образовни и останати потреби;
- соработка со локалната заедница;
- соработка со социјални партнери од соодветна дејност;
- стекнување менаџерски и водечки вештини во функција наподобрување на стручните компетенции;
- стекнување знаења и вештини за работа во мултикултурна/мултиетничка средина;
- самопроценка на вештини, способности, лични интереси и планирањена сопствената кариера;
- одржлив развој и заштита на животната средина.

***-Факултативна настава***

Факултативната настава се организира за учениците од четврта година. Истата ќе се реализира согласно актуелните трендови во општеството односно преку предметот енергетска ефикасност на објекти и предметот опасност од струен удар. Факултативната настава во училиштето ќе се организира од области од машинска и електротехничка струка. Истите се во соработка со ЦСОО.

***-Додатна настава***

Додатната настава се организира за учениците кои сакаат проширување и продлабочување на своите знаења. Додатната настава е во функција на развивање на индивидуалните способности, потенцијали и постигања на учениците. Од учениците кои посетуваат додатна настава ќе се делегираат ученици за учество на натпревари. Додатната настава треба да се организира и реализира во насока на зголемување на интересот на учениците за учество во разни натпревари и воннаставни активности како на локално така и на државно ниво. За активностите од додатната настава се изработуваат посебни наставни планирања. Дополнително ќе биде изготвен распоред за одржување на додатната настава кој ќе се реализира во зависност од моделот на настава кој ќе се одбере.

***-Дополнителна настава***

Дополнителната настава се организира согласно законот за оние ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на наставната материја односно потреба за дополнителни консултации. Програмата за дополнителната настава се изготвува согласно утврдените потреби на учениците. Се реализира согласно распоредот за дополнителна настава кој ќе се реализира во зависност од моделот на настава кој ќе се одбере.

***-Продолжителна настава***

Продолжителна настава ќе се организира за учениците упатени на поправен испит согласно Календарот за работа по завршувањето на наставната година***.***

***-Индивидуални програми за деца со посебни образовни потреби***

Во почетокот на учебната година ќе се изврши детектирање на ученици со посебни образовни потреби. Ќе се изготват индивидуални образовни планови за секој ученик според неговите потреби и по истите ќе се реализира наставата. Овие планирања ќе бидат составен дел на планирањата на наставниците. Во училиштето ќе се формира тим за инклузија кој ќе го следи напредокот на ученикот и реализацијата на наставните програми.

***-Индивидуални програми за надарени и талентирани ученици***

За учениците кои покажуваат надареност или талентираност кон одредена програма ќе се изработат посебни бразовни планови за работа со цел да се задоволат нивните потреби и афинитети. Инклузивниот тим ќе детектира талентирани и надарени ученици и ќе го следи нивниот напредок.

***-Употреба на ИКТ во наставата***

ИКТ во наставата се применува со цел да се подигне квалитетот на наставата и квалитетот на стекнатото знаење. Во реализацијата на наставните содржини примената на ИКТ овозможува употреба на иновативни и креативни техники, методи и форми на наставна работа за реализирање на современ час. Примената на ИКТ е испланирана во сите годишни и тематски планирања за секој наставен предмет.

***-Поврзување на еколошкапрограма со редовната настава***

Еко стандардите или стандарди за одржлив развој, се водич за нашата образовна институција при создавање на полиса за подигање на еколошката свест на учениците, вработените и пошироко. Овие стандарди содржат јасно поставени цели кои носат и конкретни резултати. Со реализација на определените точки за акција од еко стандардите можеме да извршиме и конкретни промени во средината, а кои доведуваат и до финансиски заштеди. Воведени се теми со еколошки содржини како основа за поврзување на праксата со теоријата и приближување на еколошките содржини и еколошките проблеми до учениците. Во рамките на наставните програми и наставните содржини наставниците ги поврзаа еколошките теми - содржини со нивната наставна програма.

***-Следење и оценување на напредокот на учениците***

Следењето и оценувањето на напредокот на учениците е континуиран процес во текот на целата наставна година.
Оценувањето како дел од наставата се врши:

1. На почетокот на наставата (дијагностичко оценување) со цел да се утврди предзнаењето на учениците, да се планира наставата и да се се зголеми интересот и мотивацијата кај учениците (формативно оценување).

2. Оценување во текот на наставата со цел да се следи како ученикот учи и напредува во учењето, наставникот да добие повратни информации за поучувањето и да се информираат родителите за напредокот

3. Оценување по завршување на наставата (сумативно оценување) со цел да се утврди што научил ученикот во текот на наставата, да се информираат заинтересираните субјекти за постигањето на учениците, да се процени ефикасноста на наставата. Сумативната оценка се внесува во педагошката евиденција.

Оценување на учениците се врши преку: усни одговори на прашања поставени од наставникот, писмени извештаи, тестови изработени од наставникот, практични изведби, есеи изработени вон наставата, изработка на проекти, презентации и сл.

Секој наставник, изработените критериуми и стандарди за формативно и сумативно оценување ги доставувава во педагошко-психолошката служба во прилог на годишните планирања.

***-Тимот за следење, анализа и поддршка*** е составен од директорот, педагогот, психологот и предметни професори со конкретни задолженија. Тимот има операционализиран план/период за следење, анализа за состојбите на постигнатите резултати на професорите, план за поддршка на професорите кои покажуваат слаби резултати од работењето, поддршка на професорите кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, планирање на споделување на добра пракса во рамки на училиштето.

***- Воннаставни активности***

*Училишен спорт*

Реализацијата на училишните спортови треба да придонесе во развивањето на свесноста кај учениците за потребата од здрав начин на живот и полезноста од спортските активности. Цел на училиштето соземањето на учество во повеќе спортски настани е успешна презентација во локалната средина и пошироко. Училиштето, во учебната 2020/2021 година на учениците ќе им ги понуди следните спортови: футсал, кошарка, ракомет и пинг-понг.

*Секции и слободни ученички активности*

Секциите и слободните активности имаат цел да создадат услови за стекнување поширока и продлабочена база на знаења, флексибилна и креативна употреба на знаењата и градење самодоверба кај учениците во примената на истите. Во рамките на слободните ученички активности во училиштето постојат и работат секции по различни предмети кои својата работа ја извршуваат според програмите за работа на секциите кои ги доставуваат до педагошката служба. На тој начин се задоволуваат и негуваат индивидуалните интереси и способности на учениците од областа на музиката, литературата, драмата, новинарството, ликовната уметност, а се прошируваат и знаењата од областа на математиката, физиката, странските јазици, историјата, екологијата и др.

*Ученички натпревари*

Ученичките натпревари се облик на активност при кои еден ученик или група на ученици се трудат подобро или побрзо да постигнат што подобри воспитно-образовни резултати. Со цел да се презентираат постигнувањата во наставно-воспитната работа и вонннаставните активности, училиштето ќе организира вакви активности на ниво на училиште, ќе земе активно учество на натпревари на ниво на регион и во рамките на држават, ограничизирани од страна на ЦСОО, Здружение на електромашински и сообраќајни училишни центи, акредитирани здруженија од областа на математиката, физиката, странските јазици и др. Учениците од ова училиште ќе земат учество на сите натпревари, како и на приредби, манифестации, конкурси и други организирани активности. Овие натпревари се составен дел од воннаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента.

*Општествено корисна и хуманитарна работа*

Општествено корисна и хуманитарната работа има за цел кај учениците да развие чувство за солидарност и хуманост, љубов и позитивен однос кон работата, чувство за одговорност, навика заодржување на чиста и здрава околина особено во услови на пандемија КОВИД 19, постапување по протоколи и нивно почитување, да создава почит и позитивен однос кон спомениците на културата и историското минато. Општествено корисната и хумана работа е важен дел од едукацијата на учениците во училиштето, со вклучување во различни активности од ваков карактер како: одржување на училниците, ходниците, училишниот инвентар и другите површини, еко патроли и патроли за внимателно следење и спроведување на мерките за заштита од Ковид 19, носење заштитни маски, дезинфекција, редовна хигиена, посета на спомениците на културата и историските знаменитости.

Време на реализација: во текот на учебната година.

Носители: ученици, предметни наставници и сите вработени

*Ученички екскурзии*

*За реализација на ученичките екскурзии училиштето ќе постапува според Правилник* за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта.Во текот на годината ќе се реализираат следните активности со цел успешна реализација на планираните екскурзии за учениците од прва, втора и трета година:

1.Изготвување на програми за ученичките екскурзии и одредување на одговорни наставници за реализација

2.Разгледување и усвојување на програмите од страна на Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор

3.Доставување на програмите до БРО и добивање на согласност за нивна реализација

4.Спроведување на постапка за прибирање и разгледување на понуди и избор на најповолен понудувач

5.Реализација на програмите

Во текот на годината ќе се реализираат екскурзии поврзани со теми и содржини од наставните програми предвидени во програмите за работа на активите (по одделни предмети).

## IX ВКЛУЧУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО УЧИЛИШТЕТО

Вклученоста на семејството во работата на училиштето произлегува од заедничка цел односно развој на младата личност по пат на создавање на оптимални услови. Оваа цел ќе се оствари преку следните активности:

- Размена на информации помеѓу семејството и училиштето,
- Учество на родителите во активности на училиштето,
- Вклученост на родителите во органите на управување,
- Едукација на семејството.

Соработката помеѓу училиштето и семејството е значајна затоа што на тој начин родителите имаат право и одговорност да учествуваат во донесување на одлуки значајни за училиштето. Вклученоста на семејството во училиштето ќе обезбедува континуитет помеѓу семејно и институционално воспитување, континуирано следење на развојот и успехот на ученикот, запознавање со интересите на учениците, откривање на евентуални тешкотии и пропусти,

Училиштето редовно ќе ги информира родителите за напредокот и постигнувањата на учениците преку родителски средби, преку web страна на училиштето, Е- дневник, затворени групи на социјалните мрежи. После секој класификационен период училиштето ќе организира родителски средби (најмалку четири) а по потреба ќе се организираат и во друг временски период.

Родителите ќе бидат повикувани и на индивидуални средби на кои ќе се разговара за успехот и поведението на учениците. За учениците кои покажуваат намален успех и имаат зголемен број на изостаноци училишниот психолог ќе организира групни советувања за родители.

Родителите ќе можат да се вклучат и со свои едукативни предавања од својата област како едукатори.

## X КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТ И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

***-социјални партнери на училиштео***

-

Метална индустрија „БРАКО“



„Маркарт“

Хотел „Романтик“

Компанија „ЛЕОВ“

ОУД „Лазар Лазаревски“

„Динамо-ХИТ“



„ЕВН Македонија“

Вклучувањето на социјалните партнери во работата на училиштето е еден од главните елементи за постигнување на добри резултати. Соработката ќе се реализира преку следните активности:

-примање на ученици во компании за реализација на практична настава
-предавања пред учениците од искусни професионалци
-донации во училиштето на потребен алат и прибор
-вклученост на компании за промоција на училиштето

***- Соработка со локална самоуправа и други установи***

Во учебната 2020/21 година училиштето ќе соработува со локалната самоуправа за успешно остварување на програмските задачи. Училиштето ќе организира и реализира посебни програми за одбележување на значајни датуми, јубилеи и учество на културни манифестации. Училиштето ќе соработува со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование, Центарот за стручно образование и обука, сите средни и основни училишта во Општината, ОУД „Лазар Лазаревски“, Локална библиотека „Гоце Делчев“, Народен музеј, Центар за јавно здравје, МВР Велес, Црвен крст, Центар за социјални работи, Агенција за вработување, Клубот на писатели, Невладин сектор и др.

***- Медиуми***

Сите активности и настани, училиштето ќе ги промовира во соработка со локални и државни медиуми. Со цел промоција на училиштето преку пишани и електронски медиуми,јавноста редовно ќе се информира за сите активности поврзани со реализација на програмата во учебната 2020/2021 година.

***-Промоција на училиштето***

Како и секоја учебна година, така и оваа училиштето ќе се промовира на сите можни начини. Тоа подразбира „Отворен ден на училиштето“, маркетинг активности што вклучуваат посета на основни училишта од градот и пошироко, рекламирање на социјалните мрежи и билборди низ градот во соработка со социјалните партнери, отвореност на училиштето преку целата година за учениците од основните училишта и нивните родители.

## XI УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

Во текот на учебната 2020 /2021 година училиштето ќе продолжи со реализација на активности од веќе постоечките проекти, а ќе работи на вклучување во нови проекти преку проектни апликации.

**1.Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем**

Проектот за еколошка едукација во македонскиот образовен систем ќе се реализира со цел подигање на еколошката свест и одговорно однесување кон животната средина кај учениците и вработените во училиштето. Преку реализација на активности се очекува училиштето да ги применува еко стандардите или стандарди за одржлив развој и да се постигнат следните цели: намалување на потрошувачката на електрична и топлотна енергија за 15% во споредба со претходната година, намалување на потрошувачката на вода за 15% во споредба со претходната година, Здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење, уреден и еколошки двор безбеден и пристапен за сите, намалување на отпад преку организирана селекција, одржлив транспорт преку користење алтернативни превозни средства и поставување инфраструктура

**2. Проект „Градиме мостови"**

Проектот е со основна цел да ги зближи учениците од различна етничка припадност. Проектот е планиран за реализација во мултиетнички училишта, односно училишта каде се школуваат ученици од разична националност, при што Министерството за образование и наука, поддржува активности, како спортски натпревари и работилници за меѓуетничко зближување.

Фондот на проектот "Градиме мостови" нуди два вида на грантови. Првиот вид се таканаречени "брзи грантови" во вредност до 1500 евра, за проекти кои се спонтани или се итни за училиштата и закои може да се аплицира во секој момент преку Министерството за образование и наука.

Нашето училиште е дел на проектната процедура за ваков вид на грант. Грантовите се финанасиски реализирани од Министерството заобразование и наука, Швајцарската амбасада и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Реализацијата на овие проекти, зависи од епидемиолошката ситуација, односно согласно природата на планираните содржини.

**3.Меѓународна соработка со Р. Полска**

Проект за размена на искуства и практики во соработка со збратименото училиште „Станислава Сташица" од Новогард Република Полска. Согласно со политиките за реализација на образовниот процес, соработката ќе продолжи преку користење на сите расположливи медиумски средства и интернет ресурси, за одржување на процесот на изградената меѓународна соработка. Според епидемиолошките услови за реализација на програмата, во месец мај ученици и наставници од нашето училиште би имале можност да го посетат партнер училиштето во Р Полска, а во истовреме ученици од збратименото училиште, ученици и наставници да го посетат нашето училиште.

**4. Дуално стручно образование**

Проектот е во соработка со МОН, германската стопанска комора, компанијата Маркарт и Брако. Проектот е започнат во учебната 2019/20 а продолжува и во учебната 2020/21 година. Се воведува нов образовен профил техничар за производно машинство со четиригодишно траење како резултат на потребите на пазарот на труд. Теоретската настава е застапена со 60%, ќе се реализира во училиште а практичната настава со 40% и ќе се реализира во споменатите компании. Со практична настава се започнува во втора година и се очекува по завршувањето на образованието на учениците да им биде понудена работа од компаниите во кои се реализирала практичната настава.

**5. Условен паричен надоместок**

Програмата "Условен паричен надоместок за средно образование" (се реализира од 2010 год.) како и правото на Додаток за образование (се реализира од 2019 год.), се спроведуваат од страна на Министерството за труд и социјална политика, Центрите за социјална работа, Министерството за образование и наука, средните училишта и Министерството за финансии. Наменети се за ученици кои се на средношколска возраст, кои се членови на домаќинства-корисници на социјална парична помош и претставуваат дополнителна парична помош за редовно посетување на средно училиште.

Спред податоците од проектните реализации од изминатите учебни години, бројот на корисници на овие надоместоци е во рамките на 40 – 50 ученика, кои редовно ја посетуваат наставата во нашето училиште.

**6. Проекти од програмата на Фондот за инвоации и технолошки развој „Предизвик за млади истражувачи – 3“, планирани да се реализраат во уч.2020 / 2021 г.**

1. Проект ,,Јурта за молњи" , ментор Снежана Софијанова и работна група во проектната апликација, од вкупно 6 ученика од II – 6 и II – 8 клас од Електротехничка струка.
2. Проект ,,Соларен сончоглед ", ментор Симон Мајсторов и работна група во проектната апликација, од вкупно 5 ученика во II – 6 / КТА од Електротехничка струка.

Реализацијата е определна согласно епидемиолошката ситуација и условената динамика на проектите.

## XII ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### *Постигнување на учениците*

Во текот на учебната година постигањата на учениците континуирано ќе се следат и вреднуваат по класификациони периоди. Навремено ќе се преземаат мерки за подобрување, редовно ќе се одржува и следи дополнителната и додатната настава, почеста комуникација со родителите за информирање на нивниот напредок и што треба да се преземе за негово подобрување, индивидуални разговори со ученикот, наставникот и стручниот соработник и сл. Значајно е и тоа што ќе се применуваат соодветни инструменти за вреднување и следење на постигањата на учениците, ќе се организираат училишни натпревари во кои до израз ќе дојдат способностите и знаењата на учениците, но истовремено учениците ќе се пофалуваат и наградуваат.

### Превентивни програми

Во училиштето ќе реализираат активности од програми за информирање и превенирање од насилно однесување и видови на насилство, последици и злоупотреба на дрога и алкохол, превенција од преносливи болести. Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме колку што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците,според однапред направен распоред.

Училиштето има изработено план за заштита испасување кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди.

### *Позитивна социо-емоционална клима*

Еден од приоритетите на училиштето е создавање на позитивна социоемоционална клима како помеѓу вработените така и помеѓу учениците. Во училиштето да постои позитивна работна атмосвера и меѓусебно почитување. Сето ова ќе се постигне преку организирање на интерактивни работилници спроведени од страна на педагошко психолошката служба во соработка со наставниците, учениците и родителите. Целта е да се обезбеди почитување на личноста - негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите, еднаквост и правичност без предрасуди.

### *Грижа за здравјето*

Училиштето ќе води редовна грижа за навремена реализација на редовни систематски прегледи и вакцинација, за што е во континуирана соработка со Центарот за јавно здравје – Велес, како и со останати институции од областа на здравјето од каде стручни лица вршат предавања за учениците и наставниците.

## XIII УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

### *Дисциплина*

За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен куќен ред, правилници и кодекси на однесување кој треба да го почитуваат сите субјекти во училиштето. Дисциплината во училиштето ќе се одржува преку редовно дежурство на наставниците распоредени низ училишната зграда и простории. Учениците ќе се запознаат со правилата и должностите на однесувањето дадени во куќниот ред на училиштето. Училишната диciплина ќе се одржува преку изготвување на план за подобрување на истата, изготвување на распоред на дежурни наставници и технички персонал (во ходници, училници, санитарни јазли, училишен двор), согласно препораките и насоките дадени од МОН.

### *Етички кодекси*

Во училиштето постои Куќен ред и Кодекси за однесување на наставници, ученици, родители и други вработени. Воведните часови на почетокот на учебната година ќе се посветат на усвојување на овие правила и нивна имплементација во секојдневното училишно живеење и работење. Должност на секој ќе биде да го почитува Куќниот ред на училиштето и кодексите за однесување во училиштето.

Составен дел на Годишната програма се програмските прилози во кои се опфатени сите активности кои се планирани во учебната 2020/2021 година.

**1. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021ГОДИНА**
**2. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ НА ССОУ „КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ“- ВЕЛЕС ЗА УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**
**3. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ ЗА УЧЕБНАТА 2010/2021 ГОДИНА**
**4. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА**
**5. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021ГОДИНА**
**6. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА**
**7. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОПШТЕСТВЕНО ЈАЗИЧЕН АКТИВ ЗА УЧЕБНА 2020/21 ГОДИНА**
**8. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПРИРОДНО – МАТЕМАТИЧКИОТ АКТИВ ВО УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**
**9. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МАШИНСКИ АКТИВ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА**
**10. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИОТ АКТИВ ЗА УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**
**11. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СОВЕТУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ НА УЧЕНИЦИ ЗА УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**
**12. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КЛАСНИОТ РАКОВОДИТЕЛ ЗА УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**
**13. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА ВО УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**
**14. ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**
**15. ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ ЗА УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**
**16. ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ ЗА УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**
**17. ПРОГРАМА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**
**18. ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ЗА УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**
**19. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА КАРИЕРА СО АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2020/21 ГОДИНА**
**20. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНАТА ЗАЕДНИЦА ЗА УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**
**21. ПРОГРАМАТА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ЗА УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**
**22. ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**
**23. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ИНКЛУЗИВНИОТ ТИМ ЗА УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**

Во изготвување на Годишната програма и Програмските прилози учество земаа:

| | |
|---|---|
| Координатор: | в.д. Директор Цветанка Ѓакова Панова |
| Педагог: | Пандорче Јорданова |
| Психолог: | Соња Пашоска |
| Техничка обработка: | Сашо Ѓоргов |

Велес,
Август 2020 година

в.д. Директор
Цветанка Ѓакова Панова